Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS

Бр.-Nr. 0201-65/3
17.03 2021 год.viti
Скопје-Shkup

Управниот Одбор на Националната установа Драмски Театар Скопје, постапувајќи по жалба поднесена од жалителот Павле Игновски од Скопје против одлука бр. 0402-47/4 за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003) по оглас број 1507489 од 04.01.2021 година, на ден 17.03.2021 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Жалбата СЕ УСВОЈУВА.

Одлуката за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), бр. 0402-47/4 од 26.02.2021 година на директорот на НУ ДТС СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување во фазата на административна селекција.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Жалителот поднел жалба против наведената одлука со наводи дека е постапено спротивно на Законот за вработените во јавниот сектор, и тоа спротивно на членот 20-г, согласно кој: Доколку при проверка се утврди дека недостасува некој од доказите, институцијата е должна да побара од кандидатот во рок од три дена да ги комплетира доказите, доколку со посебен закон не е поинаку уредно. Истото е предвидено и со Јавниот оглас за вработување 1507489 од 04.01.2021 година.

Од Записникот од Комисијата именувана за вработување еден извршител – Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), со решение од в.д. директорот Катерина Коцевска Хаџи-Василева под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021, се гледа дека во спроведување на административната селекција е направена неправилност од страна на Комисијата, бидејќи иако сметале дека кандидатот не ја има целокупната документација, не му оставиле рок од три дена согласно законот за по истекот на истиот да се комплетира фазата на административната селекцијата на кандидатите, а дури по завршувањето на фазата на административната селекција да се премина на следната фаза – интервју со кандидатите кои ја поминале административната селекција. Имено, согласно Законот за вработени во јавниот сектор во чл.20-г ст.4 и ст.5: Доколку при проверка се утврди дека недостасува некој од доказите, институцијата е должна да побара од кандидатот во рок од три дена да ги комплетира доказите, доколку со посебен закон не е поинаку уредено, а по комплетирање на доказите, Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите.

Дополнително, согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапка за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место на НУ ДТС, како и согласно Јавниот оглас за вработување еден извршител – Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), само кандидатите кои успешно

ја поминале административната селекција одат на интервју. Имајќи во предвид дека Комисијата спровела интервју со кандидатот Павле Игновски, остана нејасно и неутврдено зошто Комисијата спровела интервју и покрај тоа што констатирала дека документацијата на кандидатот била наводно невалидна.Од таа причина во овој дел Управниот одбор ја уважува жалбата на кандидатот Павле Игновски.

Понатаму, кандидатот во жалбата се повикува на чл.6 од Законот за вработените во јавниот сектор, каде се вели: Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпететниот кандидат за работното место. Имено, во жалбата кандидатот го оспорува составот на Комисијата за постапка за вработување, но имајќи го предвид горенаведениот Закон за вработени во јавен сектор како и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапка за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас за даватели на јавни услуги во НУ Драмски театар Скопје, не е наведено во врска со членовите на комисијата кој вид на образование треба да имаат или дали треба да имаат посебно искуство или знаење за секој засебен отворен јавен оглас за вработување. Согласно чл.5 од Правилникот, членови на Комисијата за постапка за вработување треба да бидат лица вработени на раководна позиција. Оттука, Управниот одбор констатира дека не постои изрична одредба по која би се уважил наводот на жалителот Павле Игновски во делот во кој ја оспорува стручноста на Комисијата, со напатствија во повторната постапка да се утврди дали членовите на комисијата се вработени на соодветна раководна позиција (раководители на сектори) за да бидат назначени за членови согласно цитираниот член 5 од Правилникот погоре.

Во поглед на жалбените наводи за погрешна примена на Законот за култура во делот на оцената на исполнетоста на критериумот за работно искуство во струката за работната позиција Г1, Управниот одбор констатира дека не постои законска дефиниција на овој критериум во прописите кои се применливи и тоа Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за култура. Имено, единствената дефиниција во која се прецизира што се подразбира под „работно искуство во струката" се наоѓа во Законот за административни службеници кој, како што констатирала и самата Комисија, не се однесува на вработените од категоријата даватели на јавни услуги. Согласно членот 76-д, став 3 од Законот за култура, како и согласно Јавниот Оглас за вработување бр.1507489 од 04.01.2021 година за работното место Друт раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), се бара да се докаже постоење на работно искуство во струката од најмалку 5 години, без да се специфицира доставување на доказ за заснован работен однос за тој период. Дополнително, во член 29 од Законот за културата се појавува индиректна дистинкција меѓу терминот „работен стаж" и „работно искуство (во струката)", што го доведува Управниот одбор во недоумица околу тоа како се докажува работното искуство за оваа категорија вработени. Од таа причина, Управниот одбор на НУ Драмски театар Скопје ќе побара мислење од надлежните органи, особено од Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и

администрација и Агенцијата за вработување на РСМ, кое ќе послужи при мериторното одлучување во понатамошниот дел на постапката.

Согласно горенаведеното, Управниот одбор на НУ Драмски театар Скопје ја укинува Одлуката за избор на кандидат за вработување на работното место Друт раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), бр. 0402-47/4 од 26.02.2021 година на директорот на НУ ДТС и предметот го враќа на повторно одлучување во фазата на административна селекција.

Претседател на УО на ДТС
Маја Стевановиќ